ПРОРОЦИ И ЦАРЕВИ (Елена Вајт)

„Силата на народите и на поединците не се крие во можно¬стите и средствата, кои навидум ги прават непобедливи; таа не се наоѓа ниту во нивното вообразено величие. Само Божјата сила и намера може да ги направи големи и силни. Самите тие, преку својот однос кон таа намера, одлучуваат за нивната судбина. Луѓето пишувале многу истории, но тие зборуваат за човечките достигнувања, за нивните победи во битките и за успесите во искачувањето по скалилата на световното величие. Божјата историја го опишува човекот таков каков што е во Божјите очи.”

Оваа книга – Пророци и цареви – почнува со извештајот за Соломоновото славно владеење над Израел и над обединетото царство, за Господовиот Храм како средиште на вистинското богослужение. Опишани се подемите и падовите на издвоениот избран народ, кој бил растргнат меѓу верноста кон Бога и служењето на боговите на народите што живееле во Палестина.

И тука, во текот на овој толку значаен период од историјата на овој свет, јасно се гледаат драматичните докази дека меѓу Христа и сатаната се води жестока борба за срцето и преданоста на луѓето.

Книгата изобилува со извонредни описи на различни карактери – мудриот Соломон, кого мудроста не го спречувала да греши; Јеровоам, себичен политичар чиешто владеење оставило разорни последици; моќниот и храбар Илија; Елисеј, пророк на мирот и исцелувањето; Ахаз, суров и расипан човек; Езекија, верен и добро намерен владетел; Даниел, возљубен Божји човек; Еремија, пророк на тагата; Агеј, Захарија и Малахија, пророци на обновувањето. Сите нив ги надминува славата на Царот што доаѓа, Божјето Јагне, единородниот Син, во кого сите симболи ќе најдат свое исполнување.